Бр./Nr 12 - 2779/3

08 -01- 2021 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси ("Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), член 36 став 1, член 40 и член 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава за корупција од познат подносител - физичко лице, на 45-та седница одржана на ден 29 Декември 2020 година донесе

**О д л у к а**

Постапката покрената по пријавата бр. 12-2210/1 од 02.04.2019 година, доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата од познат подносител, лицето -------------------- од ----------------------, а со која се изразуваат сомневања за коруптивни дејствија - незаконитости во постапка на објава на јавен оглас и прием во вработување во -------------------------------- по јавен оглас бр. ------------- од ------------- година и во постапка за престанок на работен однос во истото ---------- СЕ ЗАПИРА.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино понатамошно надлежно постапување во предметот со број 12-2210 од 2019 година оформен врз основа на пријавата бр. 12-2210/1 од 02.04.2019 година .

Предметот со број 12 – 2210 од 2019 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Примерок од одлуката да се достави до подносителот на пријавата.

**О б р а з л о ж е н и е**

Предметот со број 12-2210 од 2019 година е оформен врз основа на прива – претставка со бр. 12-22210/1 од 02.04.2019 година, доставена од подносителот ----------------- од -----------------, а која се однесува на сомневања за коруптивни дејствија - незаконитости во постапка на објава на јавен оглас и прием во вработување во --------------------------------------- по јавен оглас бр. ------------ од ------------ година и во постапка за престанок на работен однос во истото ----------------.

При постапувањето на предметниот пријавен случај Државната комисија за спречување на корупцијата ги зема во предвид наводите на подносителот, а заради целосно утврдување на фактичката состојба изврши и соодветни административни проверки по однос на нивната веродостојност и основаност на начин што презема процесни дејствија – достава, во два наврати, на барање за достава на податоци, информации и списи за предметните случаи од ----------- работодавач, како и барање за вршење на инспекциски надзор и за достава на податоци, информации и документација од Државниот просветен инспекторат.

Последователно, по достава на барањата, до Државната комисија за спречување на корупцијата беа/се доставени писмени одговори со прилог списи, односно од ДПИ и прилог Записник бр. -------------- од ---------- година од извршен вонреден инспекциски надзор во --------------, спроведен поврзано со и врз основа на барањето на Државната комисија за спречување на корупцијата, кој записник се темели на непосреден увид во евиденцијата и документацијата на училиштето и содржи констатации од надлежност на ДПИ.

Адреса: ул. Даме Груев бр.1, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1, 1000 Shkup - Republika e MaqedonisësëVeriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Од сите прибавени и расположиви списи и документација за овој пријавен случај Државната комисија констатира дека подносителот на пријавата бил вработен во ------------------ на работно место --------------- врз основа на Договор за вработување на определено време и по однос на истиот од страна на Министерството за образование и наука била започната постапка за трансформација на работниот однос од определено на неопределено време. Во тек на траењето на договорот за вработување на подносителот, од посоченото -------- преку раководното лице бил објавен оглас бр. ------ од ------- година, за вработување на повеќе работни места вклучително и за вработување на работното место ----------- на кој оглас и покрај тоа што не му бил истечен договорот се пријавил и подносителот ----------------------. Во постапката по објавениот оглас на кој се пријавил подносителот истиот не бил избран за кандидат за вработување за што му било доставено писмено известување бр. ----------------- од ------------------ година, а едновремено од раководното лице – Директор на -------------------- било донесено и решение за престанок на работниот однос на определено време на подносителот и за прекин на договорот за вработување. Исто така, од списите на предметот вклучително и од Записникот од инспекцискиот надзор се констатира дека во постапката по објавениот јавен оглас за кандидат за вработување за работното место била/е избрана лицето ----------------- која ги исполнувала условите кои се барани за ова вработување, а и дека лицето --------------------------, кој исто така ги исполнувал условите, незадоволен од извршениот избор поднел тужба до Основниот суд ------------------ по која постапката во време на вршењето на инспекцискиот надзор се уште била во тек. По прием на записникот и списите од ДПИ, Државната комисија, во втор наврат, се обрати до ---------------------- и прибави информации и списи во врска со покренатата судска постапка од кои се констатира дека од Основниот суд -------------------, на ден ---------------- година е донесена пресуда со која тужбеното барање на тужителот -------------- од --------------- се усвојува, изборот за прием на ------------------- по распишаниот оглас бр. ------------- од -------------- година во делот за прием на --------------- се поништува, а се поништува делумно и објавениот оглас, во делот за објавување на потребата за вработување на еден извшител ------------. Последователно, по донесување на пресудата ---------------- не вложило жалба на истата и таа сметано од --------------- година е правосилна.

Се вкупно, за предметниот случај Државната комисија за спречување на корупцијата констатира дека по искористено правно средство од страна на тужителот, кај Државната комисија за спречување на корупцијата подносител на пријавата, на случајот постапил и правосилно одлучил надлежниот суд во Република Северна Македонија.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Оваа одлука е конечна и против неа не е дозволена жалба.

**Одлучено на ден 29 Декември 2020 година под бр. 12- 2779/__**

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик претседател,**
**Софка Пејовска Дојчиновска**

Република Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА Скопје Shkup KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT Republika e Maqedonisë së Veriut

Изработил: Х.М., Советник
Одобрил Г. Т., Член на ДКСК
Доставено до :

- Архива
- Подносител